ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ **СТУДЕНЧИЦА** КИЧЕВО
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR FURNIZIM ME UJË **STUDENÇICA** KËRÇOVË
PUBLIC ENTERPRISE FOR WATER SUPPLY **STUDENCHICA** KICHEVO
Булевар Ослободување 60А/I-1, П.Фах 23, 6250 Кичево
Bulevardi i Çlirimit 60A/I-1 P.fax 23, 6250 Kërçovë
Boulevard Oslobоduvanje 60A/I-1, P.fax 23, 6250 Kichevo
Тел/Tel: 045/220-121
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 01-159/1
02.02 2026 год./vit.
Кичево-Kërçovë

ИЗВЕШТАЈ
за финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица-Кичево за ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ (01.10- 31.12.2025 година)

Врз основа на параметрите за планираните приходи и расходи дефинирани и предвидени во Финансискиот план за 2025 година, како и нивното остварување за периодот од 01.10.2025 година заклучно со 31.12.2025 година (четвртиот квартален период 2025 година) добиени се следните состојби:

ПРИХОДИ

Во Програмата за работа и финансискиот план за 2025 година се предвидени и се очекува да бидат остварени три вида на приходи и тоа:

1.Приходи од продажба на вода,

2.Приходи од продажба на електрична енергија, произведена од МХЕ Добреноец,

3.Приходи по основ на камати од депозити.

Во четвртиот квартал од деловната 2025 година се реализирани следните приходи :

- Приходи од продажба на вода во износ од 16.263.280,00 денари кои во однос на вкупно планираните за четвртиот квартал (20.145.581,00) се реализирани со 80,73%.

- Приходи од продажба на електрична енергија произведена од МХЕ Добреноец во износ од 2.647.997,00 денари и истите во однос на вкупно планираните за соодветниот период (3.579.176,00) се реализирани со 73,98%.

- Приходи по основ на камати од орочени средства на краток рок се реализирани во износ од 593.812,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за четвртиот квартал (680.548,00) се реализирани со 87,25%.

Во овој период во ЈП вкупно реализираните приходи по основ на испорака на вода кон ЈКП Корисници во однос на планираните се реализирани со **97.42%**, додека пак приходите реализирани од продажба на вода кон РЕК Осломеј - Кичево се реализирани со **55.65%** во однос на планираните за овој период.

Во однос на вкупно планираните приходи по основ на испорака на вода кон ЈКП Корисниците и Рек Осломеј, во овој квартален период ЈП реализира **80.73%.**

Во овој четврт квартален период, покрај приходите од испорака на вода, во значителен износ се реализирани приходи од продажба на електрична енергија од МХЕ Добреноец, во вкупен износ од **2.647.997,00** денари, кои се реализирани со **73,98%** од планираните.

Приходи остварени по основ на камати од депонирани средства во банки на краток рок се остварени во износ од **593.812,00** денари и истите во однос на планираните се реализирани со **87,25%**.

Вкупно реализираниот приход во четвртиот квартал од 2025 година изнесува **19.526.117,00** денари и во однос на вкупно планираниот (**24.405.305,00**) е реализиран со **80,01%** .

ТРОШОЦИ

Реализираните поединечни трошоци за наведениот четврт квартален период за 2025 година е представен во вид на табеларен преглед кој е составен дел на овој извештај.

Анализата на нивната реализација по структура и споредба со различни периоди како и во однос на планираното не покажува значителни отстапувања кај расходните позиции во однос на планираната идеалната четвртина.

Реализирани трошоци по поединечни ставки во наведениот квартал кои се под реализација од 100% се следните: Потрошени суровини и материјали со 40,40% , Трошоци за материјали(админ.управа и прод) со 14,82% , Потрошена енергија со 64,83% , Потрошени резервни делови со 11,18% , Отпис на ситен инвентар со 82.88% , Услуги за одржување и заштита со 24,74% , Наем-лизинг со 94,62% , Вкалкулирани плати со 91,71% , Амортизација по минимални стапки со 85,07% , Дневници за службени патувања со 94,72% , Надомест за трошоци на вработените подароци и помош со 91,36% , Трошоци за надомест и други примања на членови на УО и НО со 88,33% , Банкарски услуги и трошоци на платен промет со 82,63% , Даноци кои не зависат од резултатот, чланарини и др.трошоци со 81,42% , Останати трошоци од работењето со 12,21% , Трошоци за надоместок на користење на вода од МХЕ Добреноец со 24,86% .

Отстапувањето во однос на идеално планираната граница за реализација на одредени трошоци и нивно зголемување е регистрирано кај следните расходни позиции по ставки: Потрошена енергија за МХЕ Добреноец со 403,78% Поштенски, телефонски услуги и интернет со 106,36% , Комунални услуги со 331,45% , Останати услуги со 117,74%, Трошоци за репрезентација со 158,29% и Преми за осигурување со 366,01%.

Овие отстапувања се последица на еднократни издатоци кои настануваат во овој период, а се планирани на годишно ниво.

За наведениот четврт квартал од деловната 2025 година, вкупно реализираните трошоци изнесуваат **20.820.980,00** денари, а во однос на планираните (**25.892.819,25**) истите се реализирани со **80.41**%.

ДОБИВКА - ЗАГУБА

Со разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи за наведениот квартален период за 2025 година, ЈП во своето работење оствари **негативен финансиски резултат од 1.294.863,00 денари**.

Вкупните побарувања заклучно со крајот на наведениот период за 2025 година, изнесуваат 219.370.123,50 денари, од кои поголем дел се побарувања од купувачи по основ продажба на вода и изнесуваат 215.979.548,50 денари и се зголемени за 8,57% во однос на истиот период 2024 година, а другиот дел се од побарувања од дадени кредити, депозиити кои изнесуваат 60.245,00 денари и побарувањ од повеќе платен данок на добивка со 3.330.330,00 денари.

Притоа значајно е да се нагласи дека овие побарувања се однесуваат на ЈКП корисниците кои покрај долгот од минати години, не ги измируваат и тековните обврски по основ на испорака на вода, во тој контекст се превземени и се превземаат сите законски мерки од страна на ЈП.

Вкупните неизмирени обврски заклучно со крајот на наведенот период изнесуваат 1.083.385,00 денари и тоа: Обврски кон добавувачи со 104.220,00 денари , Обврски по основ на персонален данок со 11.805,00 денари, Обврски за данок на додадена вредност со 817.678,00 денари, Обврски за нето плати со 32.473,00 денари, Останати обврски спрема вработени со 853,00 денари, Обврски за даноци и придонеси од плати со 10.356,00 денари и Обврски за надоместок за УО и НО со 106.000,00 денари. Обврските за даноци се подмируваат на почетокот на наредниот месец, во рок, како и обврските кон добавувачи.

За четвртиот квартал од 2025 година со разликата помеѓу вкупниот приход кој изнесува **19.526.117,00** денари и вкупниот расход во износ **20.820.980,00** денари ЈП оствари **загуба** во износ од **1.294.863,00** денари.

Со почит,
Кичево,
02.02.2026 година

Изготвил: **Фаик Ахмеди дипл.ек**

Контролирал: **Катерина Станкоска дипл.ек.**

Одобрил: Помошник директор за економски и финансиски работи: **Александар Петрески дипл.ек**

Директор

м-р Дејан Пандилески

ТРОМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО 01.10.2025 - 31.12.2025

Р. бр	ОПИС	План 2025	Остварено 2024	Остварено 2025	Структурна анализа 2025	Споредбена анализа (остварено 2025/ план 2025)	Споредбена анализа (остварено 2025/остварено 2024)	Образение/ Забика
		1	2	3	4	5	6	
1	***ВКУПНИ ПРИХОДИ***	***24,405,305.00***	***18,198,713.00***	***19,526,117.00***	**100.00**	**80.01**	**107.29**	
1.1	Приходи од продажба на пр.стоки, усл.на домаш.пазар	**23,724,757.00**	**17,550,774.00**	**18,911,277.00**	**96.85**	**79.71**	**107.75**	
1.1.1	Приходи од продажба на вода на корисници	20,145,581.00	15,066,876.00	16,263,280.00	**83.29**	**80.73**	**107.94**	
1.1.1.1	ЈКП Корисници	12,096,579.00	11,097,361.00	11,784,133.00	60.35	97.42	106.19	
1.1.1.2	РЕК Осломеј	8,049,002.00	3,969,515.00	4,479,147.00	22.94	55.65	112.84	
1.1.2	Продажба на струја од МХЕ Добреноец	3,579,176.00	2,483,898.00	2,647,997.00	14.00	73.98	106.61	
1.2	Приходи од продажба на транспортни средства	0.00	0.00	0.00	0.00	#ДИВ/0!	/	
1.3	Приходи по основ.на камати,курс.раз.неповр.субјекти	**680,548.00**	**608,073.00**	**593,812.00**	**3.04**	**87.25**	**97.65**	
1.4	Останати приходи од работењето,од вработени напл.каз	**0.00**	**39,866.00**	**21,028.00**	**0.11**	**#ДИВ/0!**	**52.75**	
1.5	Приходи останати од работењето- тендерски документа	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**#ДИВ/0!**	**#ДИВ/0!**	
1.6	Приходи од нап. на отпишани побарувања Спогодби	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**#ДИВ/0!**	**#ДИВ/0!**	
2	***ВКУПНИ РАСХОДИ***	***25,892,819.25***	***25,043,796.00***	***20,820,980.00***	**100.00**	**80.41**	**83.14**	
2.1	Потрошени суровини и материјали	**112,800.00**	42,619.00	45,576.00	0.22	40.40	106.94	
2.2	Трошоци за материјали (админ.управа и прод.)	**219,400.00**	49,300.00	32,518.00	0.16	14.82	65.96	
2.3	Потрошена енергија	**443,365.00**	415,767.00	287,419.00	1.38	64.83	69.13	
2.3.1	Потрошена енергија за МХЕ Добреноец	**7,625.00**	8,844.00	30,788.00	0.15	403.78	348.12	
2.4	Потрошени резервни делови	**186,700.00**	65,070.00	20,874.00	0.10	11.18	32.08	
2.5	Отпис на ситен инвентар	**130,450.00**	76,454.00	108,120.00	0.52	82.88	141.42	
2.6	Транспортни услуги	**0.00**	780.00	415.00	0.00	#ДИВ/0!	53.21	
2.7	Поштенски, телефонски услуги и интернет	**123,950.00**	141,195.00	131,828.00	0.63	106.36	93.37	
2.8	Услуги за одржување и заштита	**354,760.00**	149,125.00	87,755.00	0.42	24.74	58.85	
2.8.1	Услуги за одржување и заштита на МХЕ Добреноец	**200,000.00**	0.00	0.00	0.00	0.00	/	
2.9	Наем-лизинг	**75,000.00**	70,962.00	70,962.00	0.34	94.62		
2.10	Комунални услуги	**7,500.00**	18,309.00	24,859.00	0.12	331.45	135.77	
2.11	Трошоци за истражување И развој	**0.00**	0.00	0.00	0.00	#ДИВ/0!		
2.12	Трошоци за реклама,пропаганда,промоција	**0.00**	30,000.00	15,000.00	0.07	#ДИВ/0!	50.00	
2.12	Останати услуги	**153,800.00**	129,380.00	181,090.00	0.87	117.74	139.97	
2.12.1	Останати услуги , преглед технички на МХЕ Добреноец	**5,000.00**	0.00	0.00	0.00	0.00	/	
2.13	Вкалкулирани плати	**13,361,007.00**	11,805,918.00	12,253,635.00	58.85	91.71	103.79	
2.14	Амортизација по минимални стапки	**4,988,102.00**	4,396,928.00	4,243,229.00	20.38	85.07	96.50	
2.14.1	Амортизација по минимални стапки на МХЕ Добреноец	**293,940.25**	293,940.00	293,940.00	1.41	100.00	100.00	
2.15	Расходи од отпис на побарувања	**0.00**	0.00	0.00	0.00	/	/	
2.16	Надом.за трош.на враб.подароци и помош	**2,162,450.00**	1,675,934.00	1,975,543.00	9.49	91.36	117.88	
2.17	Дневници за службени патувања и патни трошоци	**25,000.00**	137,129.00	23,679.00	0.11	94.72	17.27	
2.18	Трошоци за над.и др. примања на член.на управ.и надз.од	**400,000.00**	353,342.00	353,331.00	1.70	88.33	100.00	
2.19	Трошоци за репрезентација	**100,000.00**	322,899.00	158,293.00	0.76	158.29	49.02	
2.20	Премии за осигурување	**16,670.00**	70,842.00	61,014.00	0.29	366.01	86.13	
2.20.1	Премии за осигурување на МХЕ Добреноец објекти и оп	**0.00**	0.00	0.00	0.00	#ДИВ/0!	#ДИВ/0!	
2.21	Банкарски услуги и трош.на платен промет	**32,750.00**	46,177.00	27,060.00	0.13	82.63	58.60	
2.22	Даноци кои не зависат од резултатот, Чланарини и др.тр.	**87,300.00**	53,831.00	71,077.00	0.34	81.42	132.04	
2.23	Останати трошоци од работењето	**2,400,250.00**	4,028,322.00	293,080.00	1.41	12.21	7.28	

2.23.1	Трошоци за надоместок за користење вода од МХЕ Добр	**5,000.00**	1,440.00	1,243.00	0.01	24.86	86.32	
2.23.2	Надом.од 0.049%МХЕ од приходот кон РКЕ	**0.00**	0.00	27,855.00	0.13	#ДИВ/0!	#ДИВ/0!	
2.24	Останати расходи од работењето	**0.00**	1,527.00	784.00	0.00	#ДИВ/0!	51.34	
2.25	Затезни камати	**0.00**	657,762.00	13.00	0.00	#ДИВ/0!	0.00	2
2.26	Курсни разлики-дневници службен пат	**0.00**	0.00	0.00	0.00	#ДИВ/0!	#ДИВ/0!	
3	***ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ***	***-1,487,514.25***	***-6,845,083.00***	***-1,294,863.00***				

Р. бр	ОПИС	План 2025	Остварено 2024	Остварено 2025	Структурна анализа 2025	Споредбена анализа (остварено 2025/план 2025)	Споредбена анализа (остварено 2025/остварено 2024)	Образложение/ Забелешка
4	***ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА***	**0**	***202,727,686.50***	***219,370,123.50***	100.00	**/**	**108.21**	
4.1	Купувачи во земјата	**0**	198,926,648.50	215,979,548.50	98.45	/	108.57	
4.2	Останати побарувања од работењето	**0**	0.00	0.00	0.00	/	#ДИВ/0!	
4.3	Побарувања од дадени кредити,Депозити	**0**	0.00	60,245.00	0.03	/	#ДИВ/0!	
4.4	Побарувања од повеќе платен ДДВ	**0**	0.00	0.00	0.00	/	#ДИВ/0!	
4.5	Побарување од повеќе платен данок на добивка	**0**	3,768,897.00	3,330,330.00	1.52	/	88.36	
4.6	Побарувања од вработени	**0**	32,141.00	0.00	0.00	/	0.00	
5	***ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ОБВРСКИ***	**0**	***1,919,611.00***	***1,083,385.00***	100.00	**/**	**56.44**	
5.1	Обврски спрема добавувачи	**0**	1,111,312.00	104,220.00	9.62	/	9.38	
5.2	Обврски за данок на додадена вредност	**0**	690,495.00	817,678.00	75.47	/	118.42	
5.3	Обврски по осн. на персонален данок	**0**	11,794.00	11,805.00	1.09	/	100.09	
5.4	Обврски за данок од добивка	**0**	0.00	0.00	0.00	/	#ДИВ/0!	
5.5	Обврски за нето плати	**0**	0.00	32,473.00	3.00	/	#ДИВ/0!	
5.6	Останати обврски спрема вработени		0.00	853.00	0.08		#ДИВ/0!	
5.6	Обврски за даноци и придонеси од плати	**0**	0.00	10,356.00	0.96	/	#ДИВ/0!	
5.7	Обврски останати краткорочни-од плати,УО и др.	**0**	106,010.00	106,000.00	9.78	/	99.99	
6	***СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКА***	**0**	***3,371,773.00***	***9,310,428.00***	100.00	**/**	**276.13**	
6.1	жиро сметка	**0**	3,371,773.00	9,310,428.00	100.00	/	276.13	
7	***ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ***	**0**	***59.00***	***59.70***	100.00	**/**	101.19	
7.1	Број на лица вработени на неопределено време	**0**	59.00	59.70	100.00	/	101.19	
7.2	Број на лица вработени на определено време	**0**	0.00	0.00	0.00	/	#ДИВ/0!	
7.3	Број на привремено вработени лица -Агенција	**0**	0.00	0.00	0.00	/	#ДИВ/0!	
8	***ИЗНОС НА ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА БРУТО***	**0**	***66,700.10***	***68,417.84***	100.00	**/**	**102.58**	
8.1		**0**	66,700.10	68,417.84	100.00	/	102.58	